**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-50/4**
**Скопје, 11.01.2008 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**„ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Средно општинско училиште „Св. Кирил и Методиј"Неготино (СОУ„Св. Кирил и Методиј„ Неготино), Сметка на буџет на донации (785) за 2006 година, кои се прикажани на страна 3.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на буџет на донации (785), СОУ „Св. Кирил и Методиј" Неготино, за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Гичовски Лазо – директор во 2006 година на СОУ „Св. Кирил и Методиј" Неготино

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 09. 10.2007 до 10.10.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:„Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
_______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10. 1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.1.1. Со средствата од проектот набавена е опрема, (графоскоп, компјутер, проектор, фотокопер, лап топ) која не е евидентирана во сметководствената евиденција. Вредноста на набавените средства е 392 илјади денари. Со средствата од проектот се платени 332 илјади денари (согласно одредбите на договорот). Поради непримена на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, позициите Материјални средства и Извори на материјални средства се помалку искажани во износ од 392 илјади денари. Не е извршено нивно евидентирање ниту на билансните позиции во финансиските извештаи за сметките за наменски дотации и сопствени приходи. Недоследната примена на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници создава услови за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.

**Препорака:**

- Да се изврши корекција на наведените позиции за износот во наодот.
- Да се изврши консолидирање на сите материјални средства на сметката за наменски дотации, без разлика од каде се набавени.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодот во точката 10.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката буџет на донации (785) на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ на 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење на сметката на буџет на донации (785) на СОУ „Св. Кирил и Методиј“, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 24.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**СОУ „ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ - НЕГОТИНО**

**сметка на буџет на донации - 785**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 332 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **332** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2. | 332 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **332** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **332** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **0** |

*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*